Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), а во врска со 12 став 2 точка 4 од Законот за урбано зеленило („Сл.Весник на РМ„ бр,.11/18), член 5 став 1 точка 9 од Законот за комунални дејности („Сл.Весник на РМ„ бр.95/12...147/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило**
**за 2023 година**

## ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2023 година се уредува планирањето, проектирањето, подигањето, одржувањето, заштитата и реконструкцијата на урбаното зеленилото, финансирањето и управувањето со него, како и надзорот над примената на одредбите на оваа Програма.

Основната цел на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2023 година е да се обезбеди редовно одржување на јавните зелени површини со што ќе се овозможи биолошко зачувување и правилен развој на постоечкото зеленило. Оваа Програма ќе опфати: одржување на јавните зелени површини (паркови, зелени површини во централно градско подрачје, скверови на улици, влезови во град); одржувањето на јавната чистота во парковските површини и останати зелени површини (патеки во зелените површини); одржување на дрворедите во градот; постапување со оштетени дрвја на територија на Општина Кавадарци.

Табеларен приказ на урбано зеленило за интензивно одржување во Општина Кавадарци

| Паркови | Скверови | Дрвореди |
|---|---|---|
| Градски парк ЉупчоШкартов | ЃореБрушански | Илинденска |
| Парк на Револуцијата | БулМошеПијаде | ПаноМударов |
| Парк - Полана | БулЦветанДимов | ГоцеДелчев |
| Парк - Браќа Џунови | БулМакедонија | МошеПијаде |
| Парк - СолунскаГлава | БлажоАлексов | Пионерска |
| Парк -Ваташа | ЗападенБулевар | МаксимГорки |
| Парк -Лепотици | Слога | ТиквешкоВостание |
| Парк - КочоРацин | КироКрстев | 7ми Септември |
| Парк - Силекс | 7ми Септември | Задругарска |
| Калница 1 | Плоштад | Вишешница |
| Калница2 | КироКрстев | НароденФронт |
| Парк - Индустриска | Димката А. Габерот | БраќаЏунови |
| Парк - БелКамен | БулКочоРацин | Ленинова |
| Парк - Ѓуро Салај | БулНиколаМинчев | Дисанска |
| Парк - Игман | БулВељкоВлаховиќ | Шишка |
| Парк - Никола Минчев | Круженттек 1 | КироКрстев |
| Парк – Киро Крстев | Круженттек 2 | ВидеоСмилевски |
| Парк Бел Камен 2 | Круженттек 3 | НиколаМинчев |
| Пам Патека-Северен Булевар | Круженттек 4 | ЗападенБулевар |
| | | КочоРацин |
| | | БлажоАлексов |
| | | Димката А. Габерот |
| | | Ресавска |
| | | СтрашоПинџур |

## ФИНАНСИРАЊЕ

| Ред.бр | Вид на работа Работни операции | Единечна | Количина (извршувања) | Единична цена во денари без ДДВ | единична цена во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | мера | | | |
| 1 | косење собирање и износ на трева | m2 | 1 | 2,00 ден | 2.36,00ден |
| 2 | Полевање | m2 | 1 | 0.5,00 ден | 0.59,00ден |
| 3 | окопување грмушки и ружи | бр. | 1 | 3,00 ден | 3.54,00ден |
| 4 | прехрана на цвеќе | m2 | 1 | 2,00 ден | 2.36,00ден |
| 5 | окопување цвеќе | бр. | 1 | 4,00 ден | 4.72,00ден |
| 6 | метење патеки | m2 | 1 | 0.5,00 ден | 0.59,00 ден |
| 7 | собирање отпадоци | m2 | 1 | 0.1,00 ден | 0.11,00ден |
| 8 | собирање утовар и транспорт на лисник | m2 | 1 | 2,00 ден | 2.36,00ден |
| 9 | окопување дрвореди | бр. | 1 | 11,00 ден | 12.98,00ден |
| 10 | полевање млади дрвореди | бр. | 1 | 15,00 ден | 17.7,00ден |
| 11 | кастрење дрвореди | бр. | 1 | 250,00 ден | 295,00ден |
| 12 | сечење суви дрва | бр. | 1 | 350, 00ден | 413,00ден |
| 13 | уништување коров | m2 | 1 | 11,00 ден | 12.98,00ден |
| 14 | чистење рабови | м1 | 1 | 4.5,00 ден | 5.31,00ден |
| 15 | чистење патеки од снег | m2 | 1 | 1,00 ден | 1.18,00ден |
| 16 | висококвалитетни дрва | бр. | 1 | 2000,00ден | 2360,00ден |
| 16 | посадување дрва | бр. | 1 | 2500,00 ден | 2950,00ден |
| 17 | посадување грмушки | | 1 | 600,00ден | 708,00ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | бр. | | | |
| 18 | посадување цвеќе | бр. | 1 | 25,00 ден | 29.5,00ден |
| 21 | подигање и уредување на зелени површини | m2 | 1 | 90.00 ден | 106.2,00ден |

**Вредноста над реализацијата на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2023 година изнесува 9.322 033 ден без ДДВ односно 11.000 000 ден со 18 % ДДВ.**

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над реализацијата на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2023 година, врши Секторот за комунални дејности, урбанизам и сообракај и Секторот за техничко логистичка поддршка и мониторинг.

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 7742/17**
**22.12.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**